- подобрување на стандардот на домувањето, егализација на животните услови на целата територија на градот, супституција на станбениот фонд со низок квалитет, реконструкција на станбениот фонд со низок квалитет, елиминирање на процесот на бесправна градба, инфраструктурно екипирање;
- просторно - физичко дооформување и докомплетирање на стопанските зони и нивното инфраструктурно екипирање со целосно почитување на принципите и критериумите за заштита на животна средина и одржливиот развој;
- воедначување на просторната дисперзија на нестопанските дејности и функции на општествената надградба (општествен стандард, терцијарни дејности и јавни функции) и подобрување на нивниот квалитет;
- формирање на систем на центри во градот со различно ниво на фукционална екипираност во зависност од нивното хиерархиско ниво;
- оптимализирање на услови за одмор, рекреација и спортување на граѓаните преку формирање и уредување на јавни зелени површини, рекреативни терени и комплекси и спортски центри;

- екипирање на градот со комунални инфраструктурни системи во функција на ефикасно водоснабдување, елиминирање на отпадни води, регулација на површински водотеци и далечинско затоплување;
- прилагодување на сообраќајниот систем на градот на планираниот систем на магистрални и регионални сообраќајници во овој дел од државата
- заштита на културно-историското и градителско наследство на градот; ефикасна примена на системот за управување на животната средина и насочување на процеси со цел да се постигнат оптимални ефекти на глобален и локален план.

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Истиот е условен и од мерките за заштита и спасување.

Целта на планскиот концепт е да се изврши хармонизација на просторните чинители во единствен препознатлив амбиент со дефинирани функции, односно наменски употреби на земјиштето.
Во планот се предвидени седумнаесет блокови со различни намени во согласност со планската програма и Условите за планирање.

Границите на блоковите се движат по границата на ГУП и осовините на постоечките и планираните улици.
Блок 1:осовина на ул.Слободан Митров Данко, Таља Бикова, Мирче Ацев, Новопланирана 5, Петар Мусев

Блок 2:осовина на ул.Слободан Митров Данко, Борис Кидрич, Новопланирана 2, Новопланирана 5, Мирче Ацев, Таља Биков

Блок 3:осовина на Бул.Гевгелија, Борис Кидрич, Слободан Митров Данко, 7-ми Ноември

Блок 4: осовина на Бул.Гевгелија, 7-ми Ноември, Слободан Митров Данко,Новопланирана 11, Западна 1

Блок 5:осовина на ул.Новопланирана 11, Слободан Митров Данко, Петар Мусев, Новопланирана 5, Новопланирана 4, Маршал Тито, Западна 1

Блок 6:осовина на ул.Новопланирана 7, граница на ГУП, ул.Новопланирана 3, Новопланирана 8, 7-ми Ноември

Блок 7:осовина на ул.Новопланирана 3, 7-ми Ноември, Бул.Гевгелија, Западна 1

Блок 8:осовина на ул.Новопланирана 5, Новопланирана 2, граница на ГУП, ул.Новопланирана 4

Блок 9:осовина на ул.Новопланирана 10, Западна 1, Новопланирана 1

Блок 10:осовина на ул.7-ми Ноември, Новопланирана 8, Новопланирана 3, Борис Кидрич, Бул.Гевгелија

Блок 11:граница на ГУП, клучка на А1-за Гевгелија, осовина на Бул.Гевгелија, Борис Кидрич

Блок 12:осовина на Бул.Гевгелија, клучка на А1-за Гевгелија, граница на ГУП, ул.Борис Кидрич

Блок 13:осовина на ул.Новопланирана 3, граница на ГУП

Блок 14:осовина на ул.Новопланирана 4, граница на ГУП, ул.Новопланирана 2, граница на ГУП

Блок 15:осовина на ул.Новопланирана 1, Западна 1, Новопланирана 1, граница на ГУП, ул.Новопланирана 10

Блок 16:осовина на ул.Западна 1, 7-ми Ноември, Новопланирана 3

Блок 17:граница на ГУП, осовина на ул.Западна 1, Новопланирана 10

	НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК ха
ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГУП НА ГРАД ГЕВГЕЛИЈА	1	63.0
	2	40.8
	3	26.3
	4	49.5
	5	50.1
	6	64.2
	7	61.0
	8	48.5
	9	30.6
	10	77.7
	11	45.2
	12	115.9
	13	24.5
	14	45.2
	15	68.4
	16	35.2
	17	41.8
ВКУПНО		**887.9**

Во планското решение на ГУП на град Гевгелија, измена и дополна, плански период 2011-2021, се предлага нов концепт во однос на сообраќајната инфраструктура, со цел растеретување на сообраќајот во централното градско

подрачје и оформување на траси на нови обиколници кон клучката со автопатот А1(Е-75) и поврзувањето со регионалните патни правци:
Р-103 - (Скопје-врска со Р-101,М-3 И М-4-кл.Ченто-Катланово-Велес- Неготино-Гевгелија-врска со М-1 и Р-111);
Р-111 - (Гевгелија-врска со Р-103 и М-1-Богданци-Фурка-врска со Р-604) и Р-112 - (Гевгелија-врска со Р-103-Моин-Конско-Смрдлива река-врска со Р- 109).
Задржани се постоечките градски магистрални улици Бул.Гевгелија и 7-ми Ноември кои имаат дел постоечки, дел планирани делници, и како магистрални градски улици предвидени се ул.Новопланирана 2, која претставува јужна заобиколница, која би се поврзала со исклучување од Бул. Гевгелија, преку ул.Новопланирана 6, паралелно со планираното регулирано корито на Река Сува, се до спој со патот кон Моин на западната страна.На овој начин би се извршило пренасочување на сообраќајот од централното градско јадро.
Планиран е систем на собирни улици со кои би се регулирал сообраќајот во градот, претежно диспозиционирани во блоковите кои треба да се развиваат од аспект на идна градба, додека постоечките улици со диспозиција во централното градско јадро кои немаат капацитет за профили на улици од примарната мрежа, предвидени се како сервисни улици, што ќе овозможи поедноставни решенија во Деталните урбанистички планови и пристап до целините со целосно изграден градежен фонд.

6.2 ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО
Врз основа на Планската програма, планот предвидува наменски употреби на земјиштето, односно класи на намени:

1. Домување - (група на класа на намена -А)

- А0 - домување со посебен режим
- А1 - домување во станбени куќи
- А2 - домување во станбени згради

2. Комерцијални и деловни намени (група на класа на намена -Б)

- Б1 – мали комерцијални и деловни намени
- Б2 – големи трговски единици
- Б3 – големи угостителски единици
- Б4 – деловни простори
- Б5 – хотелски комплекси
- Б6 – градби за собири

3. Јавни институции - (група на класа на намена -В)

- В1 - образование
- В2 - здравство и социјална заштита
- В4 – државни институции
- В5 – верски институции

4. Производство, дистрибуција и сервиси - (група на класа на намена - Г)

- Г2 – лесна и незагадувачка индустрија
- Г3 - сервиси
- Г4 – стоваришта

5. Зеленило и рекреација - (група на класа на намена -Д)

- Д1 – парковско зеленило
- Д2 -заштитно зеленило
- Д3 – спорт и рекреација
- Д4 - меморијални простори

6. Инфраструктура - (група на класа на намена - Е)

- Е1 - комунална инфраструктура
- Е2 - комунална супраструктура
- Е3 – некомпатибилна инфраструктура

Наменска зона е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.Иста наменска употреба на земјиштето зоната има кога е составена од:една иста намена при што зоната е хомогена,слични и историодни намени чијашто меѓусебна компатибилност овозможува релативна наменска хомогенизација,различни, но компатибилни намени при што едната е преовладувачка, односно повеќе застапена и станува именител на зоната, и различни, но компатибилни намени без преовладувачка застапеност ниту на една од нив, при што мешањето на повеќе намени на ист простор станува основна карактеристика и именител на зоната (зона на мешана намена).Во рамките на наменската зона со урбанистички план се утврдуваат исти општи услови за градење и режим на користење на земјиштето.Границата на наменската зона се уредува како планска одредба во генерален урбанистички план. Уредувањето на намената на земјиШтето се врши со системот на класи на намени.

Системот на класи на намени е инструмент на урбанистичкото планирање со кој се врши класификација на дејностите и активностите во рамките на планските опфати на урбанистичките планови, обележување на постојните намени и одредување на планираните намени на земјиштето. Под намена се подразбира начинот на уредувањето, изградбата и употребата на градежното земјиШте и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив.Системот на класи на намени е составен од поединечни намени, класи на намени и групи на класи на намени, при што сродни намени со заеднички функционални и просторни карактеристики се групираат во класи на намени, а сродни класи на намени се групираат во група на класи на намени.

Класите на намени се формираат врз основа на заеднички физички карактеристики на просторите и градбите во кои дејностите и активностите се одвиваат како и просторните реперкусии од нивното градење и употреба.Класата на намени се обележува со име, голема буква од кирилското писмо кое ја означува групата класи на намени на која и припаѓа и со арапска цифра, додека групата класи на намени се обележува со име и со голема буква од кирилското писмо.

Класите на намени се дадени со кратенки впишани на површините наменети за градба во графичкиот дел и во нумеричките показатели.

Заради флексибилност на планот, во урбанистичките планови при одредување на намената на земјиштето како алтернативи може да се употребуваат две или повеќе меѓусебе компатибилни класи на намени во рамките на наменската зона одредена со план од повисоко ниво.

Под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите.

Во табелата се наведени показателите за застапеноста на класите на намена во планскиот опфат на ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања, плански период 2011-2021.

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ха	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ха	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО ОПФАТ
887.9	А0-домување со посебен режим	24.00	2.70%
	А1-домување во станбени куќи	302.91	34.12%
	А2-домување во станбени згради	37.47	4.22%
	Б-комерцијални и деловни намени	68.18	7.68%
	В-јавни институции	4.90	0.55%
	В1-образование и наука	9.83	1.11%
	В2-здравство и социјална заштита	4.27	0.48%
	В4-државни институции	2.48	0.28%
	В5-верски институции	0.70	0.08%
	производство,дистрибуција и сервиси (Г2,Г3,Г4)	129.16	14.55%
	Д1-парковско зеленило	24.10	2.71%
	Д2-заштитно зеленило	56.58	6.37%
	Д3-спорт и рекреација	16.70	1.88%
	Д4-меморијални простори	15.04	1.69%
	Е1-комунална инфраструктура	71.78	8.08%
	Е2-комунална супраструктура-автобуска станица	0.55	0.06%
	Е2-комунална супраструктура-катна гаража	0.15	0.02%
	Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни содржини	4.25	0.48%
	Е2-комунална супраструктура - жел.станица со придружни содржини	3.00	0.34%
	Е3-некомпатибилна инфраструктура-трафостаница 110кВА	0.80	
	ГРАДСКИ,ЛОКАЛНИ ЦЕНТРИ (А,Б,В)	40.17	4.52%
	КОМЕРЦИЈАЛНА ЗОНА(А,Б)	56.56	6.37%
	РЕКА	14.30	1.61%

Освен дефинираните класи на намена, планирани се и мешани зони како градски и локални центри со застапени класи на намена А-Домување, Б-Комерцијални и деловни намени и В-Јавни институции, како и комерцијални зони, воглавно лоцирани покрај улиците со класи на намена А-Домување, Б-Комерцијални и деловни намени.
Со овој план дефинирани се границите на централното градско јадро, кое претставува градска целина во која се лоцирани поголемиот дел од заштитеното културно наследство во градот, со дефинирана пешачка зона како дел од ул.Маршал Тито, како и посебен режим на сообраќај.
Границата на централното градско јадро започнува од север кон исток, по осовината на ул.Скопска се до крстосницата со ул.7-ми Ноември по која продолжува кон југ, се до крстосница со ул.Скопска, продолжува по осовината на улицата кон југ и запад се до крстосница со ул.Маршал Тито по чија осовина се движи кон запад се до повторна крстосница со ул.Скопска и по осовината кон север до спој со почетната точка.

7.Плански решенија на комунална инфраструктура

Магистралниот патен правец - автопатот А1(Е-75) граница со Србија-Куманово-Миладиновце-Велес-Гевгелија-граница со Грција кој го дефинира опфатот е изграден во согласност со Просторниот план на РМ, и клучката за излез кон Гевгелија е постоечка, не е изграден југоисточниот дел од клучката.

Регионалните патни правци релевантни за планскиот опфат се:

Р-111(Гевгелија-врска со Р-103 и М1 Богданци-Фурка-врска со Р-604)

Р-112(Гевгелија-врска со Р-103-Моин-Конско-Смрдлива река-врска со Р-109).

Од преносната мрежа на 110 кВ, на 4 км. од планираното проширување на планскиот опфат е диспозиционирана ТС 110/35/20/10 Гевгелија. Ова трафостаница е напојна точка на потрошувачите од планскиот опфат, преку дистрибутивна мрежа од 10 кВ далноводи и подземна инсталација.

Предметниот планиран простор ќе биде поврзан на градскиот водоснабдителен систем на Гевгелија.

Градот Гевгелија потребите за водоснабдување во иднина може да ги реши со користење на водите од водоснабдителниот систем за спас на Дојранското Езеро – Ѓавато.Системот е изграден со капацитет од 1000л/сек, со основна намена за дополнување на Дојранското Езеро, и располага со доволна количина на вода за водоснабдување на градовите Гевгелија и Богданци.
Планиран е колектор за отпадни води со кој пречистените отпадни води од планскиот опфат ќе се испуштаат во реципиентот Вардар.

Сообраќај

Сообраќајниците кои го дефинираат опфатот се следните:

- Магистрален патен правец - автопатот А1(Е-75) граница со Србија-Куманово-Миладиновце-Велес-Гевгелија-граница со Грција со попречен профил од 26м

1.Магистрални градски улици

- Булевар Гевгелија со попречен профил 22м (изведен профил)
- ул.7-ми Ноември со попречен профил 16.5м (изведен профил)
- ул.7-ми Ноември со попречен профил 23м
- ул.Новопланирана 2 со попречен профил 23м
- ул.Новопланирана 6 со попречен профил 23м

2.Собирни улици
- крак од Булевар Гевгелија со попречен профил од 16.5м
- ул.Новопланирана 1 со попречен профил од 16.5м
- ул.Борис Кидрич со попречен профил 11м
- ул.Западна 1 со попречен профил 11м
- ул.Новопланирана 3,5,6 со попречен профил 11м

Новопланираните магистрални градски улици предвидено е да имаат попречен профил од 23м:
тротоар 2м+велосипедска патека 1.5м+коловоз 7м+зелен разделен појас 2м+коловоз 7м+ велосипедска патека 1.5м+ тротоар 2м

Новопланираните собирни улици предвидено е да имаат минимален попре;ен профил од 11м:
тротоар 2м+коловоз 2x3.5м+ тротоар 2м

Новопланираните улици се дефинирани според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10, 64/11,98/11,169/11).
Сите сообраќајници со своите радиуси, ширини на коловозот и тротоар, се прикажани во графичкиот прилог за сообраќајно решение.

Паркирање

Паркирањето е предвидено да се решава во сопствените парцели, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11), со почитување на потребен број на паркинг места како услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.
Дефинирањето на потребните паркинг простори за секоја урбанистичка парцела ќе се утврди со изработката на Детални урбанистички планови, и за определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на градбите и нивната големина ќе се применува член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10,64/11,98/11,169/11).

Нивелациско решение

Со изработка на урбанистичкиот план пристапено е кон изработка на нивелациско решение за планскиот опфат. Предмет на изработка на

нивелманското решение е изработка на вертикално решение на сообраќајниците.
Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.
Дефинирани се 22 релевантни пресечни точки на крстосниците со следните координати:

ТОЧКА	X	Y
1	627 621.57	557 318.06
2	627 043.25	557 072.80
3	625 416.08	556 522.46
4	624 766.90	556 324.01
5	624 840.05	555 677.09
6	624 858.06	555 406.17
7	625 942.10	555 223.44
8	627 309.92	555 886.74
9	627 451.62	556 054.21
10	628 245.82	557 064.60
11	626 960.26	558 062.80
12	627 001.30	557 842.53
13	626 523.02	557 657.59
14	625 904.41	558 447.92
15	625 871.04	558 017.00
16	626 098.74	557 410.12
17	625 411.31	557 383.10
18	625 383.43	556 806.40
19	625 563.10	555 294.14
20	625 918.31	555 374.30
21	626 542.47	555 597.34
22	627 119.55	555 871.96

Новопланираните сообраќајници имаат проценти на подолжни падови согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11).

Основно решение на комунална инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засниваат на постојната и планирана состојба. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, релјефни и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа) .

Електро-енергетика

Снабдувањето со електрична енергија на конзумното подрачје на градот Гевгелија денес во целост се врши преку трансформаторската станица 110/35/20/10 КВ напојувана преку 35 КВ и 110 КВ далековод.Според податоците добиени од дистрибутивниот погон на Гевгелија вкупната потрошувачка на електрична енергија во квч за периодот 1990-1992 г. изнесува:

	10 КУ	Домаќинства	останала потрошувачка	КВ
1990 год.	23,246.991	32.377.173	9.406.320	
1991 год.	20.895.379	37,286.592	8.776.600	
1992 год.	19.405.010	39.570.108	8.776.600	

Како што може да се види од приложената табела растот на активниот товар го карактеризира мала потрошувачка.

Согледувањата за демографските и плановите за идниот развој на Гевгелија, укажуваат дека тоа ќе биде град со вкупно 7.000 домаќинства и 3,14член/домаќинство или вкупно 22.000 жители.

Инсталираната и едновремената електрична моќност како и потрошувачката на електрична енергија за корисниците од предметниот простор ќе се изврши по се според добиената согласност која инвеститорот треба да ја побара од ЕВН Македонија. Барањето треба да содржи точно дефинирани електрични параметри како што се : напонско ниво, максимална инсталирана и едновремена моќност, фактор на моќност, начин на затоплување , начин на ладење и слични податоци кои во оваа фаза на изработка на планот не се дефинирани. Овие податоци ќе можат да бидат дефинирани со изработувањето на Деталните урбанистички планови и проектната документација. Приклучниот вод до дистрибутивните трафостаници е 10кВ електровод кој ќе биде поставен во инфраструктурен коридор, заедно со останатите инфраструктурни водови.
Начинот на приклучување на технички елементи ќе бидат дефинирани од стручните служби на ЕВН Македонија.

ПТТ инсталации

Согласно генералната определба на ниво на државата развојните потреби и материјалните можности најновите техничко - технолошки достигнувања ќе бидат непосредно применети во телекомуникациониот систем.

Планирана е подземна телефонска инсталација во сообраќајните коридори на постоечките и планираните улици. Овие податоци ќе можат да бидат дефинирани со изработувањето на Деталните урбанистички планови и проектната документација.

Хидротехничка инфраструктура
Планирана водоводна мрежа

За овој водоснабдителен систем изработен е главен проект за водоснабдување на градот од бунарско сливно подрачје Моин, кој наполно се совпаѓа со предвидувањата на Основниот урбанистички план на градот, односно нормативите применети во него. Усвоени се следните норми:

- 300 л./ден по жител, на планираните 20.880 жители.
- 60 л./ден по грло крупен добиток, на планираните 1.200 грла.
- 30 л./ден по грло ситен добиток на планираните 17.000 грла
- 0,5 л./ден на грло живина, на планираните 500.000 грла

Технолошките и санитарните потреби на индустријата се задоволуваат од водоснабдителниот систем во кој е вклучен и бунарот кај фабриката "Зора".

За предвидените потрошувачи потребни се 123 л./сек што се задоволува со 3 бунари, а четвртиот е резервен.

Градот Гевгелија располага со вкупен резервоарски простор В = 1000 + 500 = 1.500 м3. Според пресметките на главниот проект за водоснабдување вкупниот потребен резервоарски простор изнесува В потребно = 3.800 м3, Што значи дека е потребно да се изгради додатен резервоарски простор од уште околу 3.000 м3, за што исто така е изработен главен проект.

Со планскиот концепт за водоснабдување на планираниот простор се планира истиот да се реши со поставување на нова примарна водоводна мрежа изведена од цевки со минимален пречник од 150мм поставена во коридорот на новопланираните улици.

За противпожарна заштита на комплексот предвидено е поставување на хидрантска мрежа со надворешни хидранти. Напојувањето на овие хидрантие ке биде преку истиот водоводен систем на кој се поврзува и водата .

Во случај на пожар се обезбедува количина на вода за истовремена работа на два хидранти со поединечен капацитет од 5л/с, вкупно 10л/с.

Меродавниот притисок (за гаснење на пожар) на приклучниот хидрант се утврдува во согласност со Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожар како величина не помала од 2,5 бари.Останатите услови за изградба на ПП мрежа според правилникот се:

- максимално растојание помеѓу два хидранти 80м
- најмал пречник во прстенестата ПП мрежа ф100мм
- најмал пречник на приклучната цевка на хидрантот е ф80мм.

Планирана канализациона мрежа

Фекална канализација

Канализацијата на градот е градена, доградувана и проширувана во согласност со постоечката документација, односно Главен проект за

канализација на Гевгелија изработен во 1964 година од Прокетантското биро на Гранит". Согласно правилникот за стопанисување со водите и меѓународниот значај на реципиентот реката Вардар, потребно е испуштената отпадна вода да се прочистува, односно потребна е изведба на сепарационо канализационен систем. Генерална поставка е одводителната норма да биде еднаква со водоснабдителната, а меродавна количина е удвоеното водно количество за четиринаесетчасова потрошувачка, собирниот колектор да оди по најниската кота (вододелницата) паралелно со постоечкиот колектор, деталната мрежа да се задржи, а другата остави за атмосферска канализација поради предимензионираност и дотраеност на истата. Пречистителната станица да се изведе на брегот од реката Вардар низводно од градот. Новите населби е предвидено да се поврзат на постоечката мрежа: Мрзенски Рид - на постоечкиот цевовод до кругот на фабрика "Зора" и новопроектираниот комплекс на пресекот на транзитна улица со населбата Негорци. Населбата Сува Река е решена посебно, со посебен колектор поради својата поставеност (пониско од постоечкиот колектор.

канализацијата е решена и изведувана како мешовита на основа на постоечка документација. Параметрите усвоени за димензионирање на истата се добри и можат и понатака да се употребуваат.

Меродавен дожд за димензионирање ц = 125 л./сек/Ха.

Ф = 0,434 коефициент на закаснувањето

ц/ = 0,332 коефициент на истечувањето (ќ = 125 х 0,43 х 0,332 = 18,0 к./сек/Ха.

Потребно е поради зафаќањето на поголем простор да се одделат деловите од градот кои гравитираат на Сува Река од оние кои гравитираат кон Вардар. Водите што гравитираат на р. Вардар да се одведат со постоечкиот собирен колектор, а оние на Сува Река соберат со нови цевоводи. Да се разделат постоечките цевоводи на фекална и атмосферска, на основа на техничка документација која треба да се надоврзи на постоечката документација. Атмосферските води, како и досега, да се испуштаат во реката Вардар и Сува Река, како единствено можни реципиенти.

Со планскиот концепт за одведување на отпадни води на планираниот простор се планира истиот да се реши со поставување на нова примарна канализациона мрежа за фекална канализација изведена од цевки со минимален пречник од 300 мм поставена во коридорот на новопланираите улици.

Вон планскиот опфат на ГУП на Гевгелија, во југоисточниот дел, лоцирана покрај устието на р.Сува и р.Вардар, предвидена е изградба на пречистителна станица за град Гевгелија, и бидејќи е од голема важност за еколошката перспектива на градот, потврдена е со ГУП на Гевгелија, измена и дополна, плански период 2011-2026.

Планирано е како реципиент на пречистената отпадна вода да биде водотекот на Сува река која се слива во р.Вардар, а квалитетот на пречистената вода не смее да биде понизок од класата на реципиентот.

За правилно работење на пречистителните станици потребно е да се изведе одделна канализациона мрежа и тоа:

- Канализациона мрежа од санитарна отпадна вода
- Канализациона мрежа од технолошка отпадна вода
- Атмосферска мрежа од кровови на објекти
- Атмосферска мрежа од улици, паркинзи и манипулативен простор со завршно пречистување во маслофаќач

Канализационата отпадна вода потребно е да се третира со пречистителните станици додека атмосферските води директно се испуштаат во крајниот реципиент.

Атмосферска канализација

Со планскиот концепт за одведување на отпадни води на планираниот простор се планира истиот да се реши со поставување на нова примарна канализациона мрежа за атмосферска канализација изведена од цевки со минимален пречник од 1200 мм поставена во коридорот на новопланираните улици.

парцела вкупна IVIII	887.90	h
објекти	620.900	h
надворешни површини	266.100	h

атмосферска вода

q atm= F x qi x ψsr 48785.000 l/sec

Одводнување

Во рамките на планот на инфраструктурно уредување треба да се изврши собирање и одведување на отпадните води со разделен систем и тоа канализација (индустриска) и атмосферска.

Индустриски отпадни води се водите кои што се употребуваат во технолошките процеси, па заради тоа се оптеретени со различни видови на загадување или се води кои се употребуваат за разладување на опремата и воглавно предизвикуваат топлинско загадување на реципиентите, па таквата вода пред испуштање во канализационата мрежа треба да се пречисти секоја во сопствениот дел на комплексот. Заради поедноставување под индустриски води ќе се подразбираат и оние води чие потекло е од магацини и непроизводни занаети, значи вода која се користи воглавно во санитарни потреби и ќе биде третирана во истиот систем на пречистување.

Исклучок се водите со кои се врши миење на просторите на кои се извршува преглед, поправка и миење на моторните возила каде има појава на масла и нафтени деривати. Овие води пред испуштање во канализационата мрежа

треба да се пречистуваат со маслофаќач и таложник а потоа да се испуштат во неа.

Атмосферските води од кровови преку систем на сливници и цвоводи и после извршено таложење да се одведат до атмосферската мрежа.

Целта на објектите за собирање на атмосферските води е:

- Да се спречи излевањеот и формирањето на водени површини на пешачките површини за одвивање на нормален пешачки сообраќај
- Да се спречи создавање на слој вода на сообраќајните површини за одвивање на сигурен сообраќај
- Да се собери атмосферската вода од градските површини и така да се спречи поплавување на градските објекти и простори.

Објекти за собирање на атмосферските води и нивно одведување од градкиот простор и сообраќајници воглавно се риголи покрај улиците, мали трапезни канали и канали со друг облик кои се поставуваат на пешачките и други површини.

Од каналите и риголите водата се испушта во колекторите преку сливници.

Спојот со колекторите се врши:

- директно (ако атмосферската вода е чиста, без песок и слични суспензии кои можат да предизвикаат таложење во колекторите) или
- посредни преку помали базени (доколку треба да се спречи внесувањето на крупни суспензии па се градат мали ретензиони базени или таложници).

Основни делови на објектите за собирање на површинските води се:

- влезен дел (решетки, водоловни грла-бочен сливник или нивна комбинација)
- тело
- таложник
- пруклучок на канализација

Димензиите на дождовните решетки се 40/40см, а водоловните грла 20/10см.

Таложникот е сместен на дното на објектот 1м под одводната цевка која е со минимален профил 100 мм.

Во услови каде површинските води неможат да се соберат со поединачни објекти, се поставуваат линиски објекти, линиски решетки, линиски собирни канали исл. Овие обејкти се поставуваат вертикално на насоката на течење на водата. Во случај на одводнување на големи површини (паркиралишта, плоштади, аеродроми) се градат линиски собирачи на атмосферска вода во облик на непрекинати водоловни грла, решетки и отвори. Приклучувањето на објектите на канализационите колектори е исто како и на поедините објекти.

Пумпните станици се користат за транспорт на водата од едно место на друго, најчесто од пониска кота на повисока кота на терен.

Сегашните услови за заштита на околината бараат одведување на сите отпадни и загадени води во уреди за пречистување и нивно испуштање во реципиентот откако ќе се изврши точно определен процес на пречистување.

Ретко може сите отпадни води да се одведат по гравитациски пат до уредите за пречистување, па во услови каде тоа не е можно, се користат пумпните станици.

8.Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија

Со Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, за деталните урбанистички планови се бара да се изработи економско образложение преку кое ќе се прикажат севкупните вложувања и нивните оправданости . Тоа значи дека треба да се појасни за трошоците за документација, расчистување на земјиштето , инфраструктура и уредување на јавните површини.

Секако дека покрај ова има и други понезначителни трошоци што учествуваат во билансот на вкупни трошоци за уредување на просторот но овие не се земаат во предвид со оваа анализа.

Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат, таканаречено економско образложение , е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите и слични пресметки во идејните и основните проекти , а се изложени на промени на цените , неможност да се утврдат одделни ставки на трошоци , непредвидливост наодделни трошоци , обемот на уредување на градежното земјиште , постојниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостиг на егзактни елементи за докажување на одредени предпоставки и слично.

Поради се ова , оваа анализа треба да се земе апроксимативно и како ориентационо согледување која сосема условно може да се земе како планска одредба.

Реалната проценка за економската вредност на трошоците , направени или што треба да се направат околу урбанизирањето на просторот , проектирањето на целокупната инфраструктура , нејзината изградба , изградбата на објектите и доуредување на јавните патишта во урбаниот модул ќе произлезат од апроксимативните на неколкуте клучни позиции и тоа:

1. изградбата на комплетната инфраструктура во опфатот (сообраќајници, водовод, фекална и атмосверска канализација, високонапонска и нисконапонска мрежа со улично осветление, ПТТ инсталации) и нивно целосно поврзување на постојната мрежа,

2. партерно уредување на сите јавни површини (пристапни и противпожарни сообраќајници, интерни паркинзи и хортикултурно уредување со засадување на зеленило),

3. изработка на целокупната техничка документација за сите позиции заедно со вршење на стручен надзор при изградба на истите (3% од инвестиционата вредност)

Планското решение се базира на определбата за продуцирање на висококвалитетен простор за мултифункционални намени. Реализацијата на планските решенија, односно изградбата на просторот ќе се одвива во неколку фази.

Атрактивноста на просторот се карактеризира со исклучителна поволност во однос на сообраќајната поврзаност која обезбедува лесен пристап и фрекфентност на просторот, придонесува за поголемо вреднување на планското решение кое е предмет на аналитичкиот осврт за изработка на економско образложение на планско решение во урбанистичкиот план.

Изградбата и ставање во функција на предвидените дејности, ќе обезбеди остварување на стопански активности со директен или индиректен економски ефект. Ефектуирањето на економската вредност на планот отпочнува со реализација на предвидените инвестиции засновани на планските решенија преку изградба на објекти предвидени со планот.

Динамиката на реализацијата зависи од изведбата на инфраструктурните водови и објекти, а особено од изведбата на сообраќајната инфраструктура.

9. Мерки за заштита

9.1.Мерки за заштита на животната средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 53/05). Планските решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите односно проектите произлегуваат и од факторот -заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој.

- Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 , бр.83/09, 48/10 и 124/10,53/11);
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и 35/10);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.92/07 и 35/10);
- Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.107/07, бр.102/08, 143/08 и 124/10,53/11);

– Правилник за услови кои што треба да ги исполнуваат депониите (Сл.в. на РМ бр. 78/09)

– Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на СРМ, бр. 79/07 и 124/10,53/11)

– Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.в. на РМ бр.64/93)

– Правилник за максимално дозволените концентации и количества и за други штетни материи што можат да се испуштаат во воздухот од одделни извори на загадување Сл.в. на РМ бр. 03/90

- Закон за водите (Сл.в. на РМ, 4/98, бр.87/08, 06/09, 161/09 и 83/10);

Со овој плански документ заштитата се однесува на:

- Заштита на воздухот;
- Заштита на водата;
- Заштита на почвата;
- Заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комуналниот отпад;

За обезбедување на сите овие услови треба да се почитуваат следните Закони:

За планскиот опфат на ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања, основни загадувачи на просторот претставуваат технологиите на индустриските објекти, постоењето на моторен сообраќај и загадување предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да се изврши поделба на основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита

- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

- извори на бучава и мерки за заштита

Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат технологиите во опфатот кои треба да се во согласност со законската регулатива и еколошките дозволи.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина, односно во наредениот плански период ќе се премине на економични начини на загревање - , со биогас, соларно, геотермално.

Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Посебно за секој комплекс ќе се изработаат програми за контрола и обезбедување на квалитетот на соодветните производини програми за миење и санација на опремата и просторот.

На локацијата на секој индустриски капацитет ќе се постави систем за пречистување на отпадните води, а во делот на сервисните зони и бензинска станица ќе се постават фаќачи на масти и масла.
За правилно работење на пречистителните станици потребно е да се изведи одделна канализациона мрежа и тоа:

- Канализациона мрежа од санитарна отпадна вода
- Канализациона мрежа од технолошка отпадна вода
- Атмосферска мрежа од кровови на објекти
- Атмосферска мрежа од улици, паркинзи и манипулативен простор со завршно пречистување во маслофаќач

Канализационата отпадна вода потребно е да се третира со пречистителните станици додека атмосферските води директно се испуштаат во крајниот реципиент.

До негативно влијание (процедување, загадување) на тлото, односно на подземните води на самата локација, за време на нејзиното користење може да дојде ако:

- не се изгради разделен непропусен систем на одведувањена водата
- за чистење на производните простории и сл. се користат средства кои не се биоразградливи
- не се обезбеди собирање на нуспроизводот од биолошко потекло

На територијата на комплексите да се изгради разделен систем на одведување на отпадните води:

- атмосферски води – со ситем на сливници, цевовди и после таложењето можат да се одведат во околината со апсорбирачки бунари или во природен реципиент
- санитарни отпадни води – со канализациона мрежа ќе се одведуваат до системот за пречистување на санитарна отпадна вода каде поминуваат само низ биолошко пречистување на заедничкиот биолошки блок
- технолошки отпадни води – се одведуваат со посебен систем на подни канали, решетки, сифони и цевоводи до системот за пречистување на отпадната вода на локација
- замастени отпадни води – се пречистуваат со помош на маслофаќачи поставени надвор од објектот. Пречистената вода се испушта во крајниот реципиент.

Согласно законската регулатива, потребно е да се изработаат елаборати за заштита на животната средина, и во зависност од применетата технологија да се дефинира третман на отпадните води.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија од страна на овластени служби. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенцијата на човекот.

Извори на бучава и мерки на заштита

При планирањето на објектите е потребно да се предвидуваат технологии и техники кои ќе допринесуваат за редукција на загадувањето со бучава и доведување на истото во законски дозволените параметри.

9.2.Мерки за заштита и спасување

Во согласност со Законот заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10,53/11)задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи

Во согласност со:

- Закон за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10,53/11)
- Закон за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07)
- Закон за управување спо кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05)
- Закон за управување со кризи (Сл в. на РМ бр: 29/05)

и другите позитивни прописи предвидени се следните мерки:

- Сите објекти треба да се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.
- Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да

се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

- Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
- Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа мора да се предвиди прстенест систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм.

Хидрантите треба да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законската регулатива.

- За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.

Мерки за заштита и спасување од урнатини

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на проектна документација за добивање на Решение за локациски услови задолжителна е изработката на елаборати за геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Мерки за Радиолошка, Хемиска и Биолошка заштита

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10,53/11), член 56 и 87, да се предвидат следните мерки:

- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

9.3 Мерки за заштита на културното наследство

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство согласно Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр.20/04, 115/07).

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,151/07,91/09,124/10,53/11), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата на недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.
Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.
Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.
Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

1. Генералниот урбанистички план за градот Гевгелија, е основен документ, со кој се определени границите на вкупниот опфат на градот и границите на основната територијална поделба на урбани блокови, определени за градба.
2. Во Урбаните блокови извршено е зонирање според содржините во просторот, основната намена домувањето и сите содржини што го пратат, општествениот сектор, јавните функции, стопанството, зеленилото, спортот и рекреацијата, сообраќајот, другите инфраструктурни системи и урбано-санационите мерки.
3. Со него се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното наследство.
4. Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Гевгелија, е основа за изработка на плановите од понизок степен - Детални урбанистички планови за Урбаните блокови на градот Гевгелија, од УБ 1 до УБ 17 или делови

од урбани блокови. Тој ги определува границите на урбаните блокови главно по природните граници, сообраќајниците и водотеците.

5. Објектите кои се класифицирани како споменично наследство се концентрирани во блоковите бр. 1 ,2 и 5. Овие блокови се во една низа и всушност го завземаат просторот од каде што почнал урбаниот развој на градот.

